До
АГРОКУМАНОВО АД Куманово
За Одбор на директори
Индустриска бб Куманово

Друштво за производство, трговија и услуги
МЕТАЛ-НЕТ ДОО увоз-извоз
Бр.: 0306/123
16.07.2015 год.
Куманово

**ПРЕДМЕТ:** Барање за вклучување нови точки на дневен ред со предлог одлуки за Вонредното собрание закажано за 31.07.2015 год.

Врз основа на чл. 390 став 4 од Законот за трговските друштва, Друштво за производство трговија и услуги МЕТАЛ-НЕТ ДОО увоз-извоз Куманово со седиште на ул. 11 Октомври бб, како имател на 3116 акции со право на глас или 10,91% од вкупен број на акции, **предлага дополнување на дневен ред со барање за вклучување нови точки** за кои ќе се одлучува на Собранието на акционери на АГРОКУМАНОВО АД Куманово, закажано за **31.07.2015** година, и тоа:

По 1 /првата/ точка од дневниот ред - Донесување на Одлука за одобрување на голема зделка за отуѓување на недвижен имот со продажба на деловен простор сопственост на Друштвото, да се вклучат нови точки 2, 3, 4 и 5, со следниов редослед:

2. **Донесување на Одлука за намалување на основна главнина со повлекување на сопствени акции, со прилог - предлог одлука;**

3. **Донесување на Одлука за поништување на сопствени акции, со прилог - предлог одлука;**

4. **Донесување на Одлука за промена на бројот на седиштето на Друштвото, со прилог - предлог одлука; и**

5. **Донесување на Одлука за измена на Статут со прилог - предлог одлука.**

Оваа дополнување со новите точки на дневен ред со предлог одлуки ги бараме со образложение дека е започната постапка за намалувањето на основната главнина со повлекување на сопствени акции на Друштвото со извршената предбележба во Трговски регистар и на претходното редовно собрание на акционери од 03.04.2015 год. се донесени истите одлуки.

Меѓутоа од Централниот регистар на РМ е упатено одлуките да се донесат и гласат после извршената предбележба во Трговски регистар, откако по истекот на 90 дена ќе се утврди дека од доверителите нема поднесено барање за исплата на побарување, со што ќе се смета дека сите доверители се согласни со одлуката за намалувањето на основната главнина.

Со почит !

**ПРИЛОГ:** Предлог – одлуки од т.2, 3, 4 и 5.

16.07.2015 год.
Куманово

МЕТАЛ – НЕТ ДОО
К У М А Н О В О

Друштво за производство трговија и услуги МЕТАЛ-НЕТ ДОО увоз-извоз Куманово